Тех.бр 05/20-У

ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
email: zumproekt@zumproekt.mk

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, Скопје
mail: zumproekt@zumproekt.mk

ПРЕДЛОГ - ПЛАНСКА ПРОГРАМА
ЗА ИЗРАБОТКА НА
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ГРАДСКА ЧЕТВРТ И 07.01
- ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

Управител:

Иво Ѓорѓиев, дипл. инж. арх.

Ivo Gjorgjiev

Digitally signed by Ivo Gjorgjiev
DN: O=ZUM PROEKT, SERIALNUMBER=4030002602424, C=MK, E=zumproekt@zumproekt.mk, SN=Gjorgjiev, G=Ivo, CN=Ivo Gjorgjiev
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2021.10.15 12:20:29

Скопје, Октомври 2021

Место:	Општина Центар – Скопје
Нарачател:	Ратсел Балкан ДООЕЛ Скопје
Предмет:	**Предлог - планска програма за изработка на Детален урбанистички план Градска четврт И 07.01 - Тутунски комбинат, Општина Центар – Скопје**
Извршител:	Друштво за проектирање, ревизија и надзор **"ЗУМ ПРОЕКТ" ДОО Скопје**
Адреса:	бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, Скопје
Телефон:	078 279 155
e-mail:	zumproekt@zumproekt.mk
Работен тим:	Иво Ѓорѓиев, дипл. инж. арх. Нина Смрајц, дипл. инж. арх.
Фаза:	Предлог - планска програма
Технички број:	05/20-У
Датум на изработка:	октомври 2021

СОДРЖИНА:

I. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

1. Вовед
2. Граници и површина на плански опфат
3. Основа на изработување на Деталниот план
4. Цели на изработка на Деталниот план
- Општи цели
- Посебни цели
5. Концепт на организација на просторот во рамки на опфатот на планот

II. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

1. Извод од ГУП на Град Скопје 2012 – 2022.....М = 1:10000
2. Извод од Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт И 07.01.....М = 1:5000
3. Ситуација со пошироко опкружување.....М = 1:25000
4. Ажурирана геодетска подлога.....М = 1:1000
5. Инвентаризација на постоен градежен и зелен фонд.....М = 1.1000

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150120210024920

Датум и време: 9.8.2021 г. 14:15:57

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6135897
Назив:	Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ бр.59-1/1-МЕЗАНИН СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	надворешна трговија со прехрамбени производи надворешна трговија со непрехрамбени производи посредување и застапување во прометот со стоки и услуги посредување и застапување во услужните дејности реекспорт консигнација агенциски услуги во транспортот комисиони работи туристички работи и услуги меѓународен транспорт на стоки и патници меѓународна шпедиција застапување на странски фирми деловни и менаџмент консултански активности
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0809-50/150120210024920 Страна 1 од 2

Изготвил:

Овластено лице:

Број: 0809-50/150120210024920

Страна 2 од 2

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150120210024922

Датум и време: 9.8.2021 г. 14:18:26

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6135897
Целосен назив:	Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Кратко име:	ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ бр.59-1/1-МЕЗАНИН СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	24.1.2002 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4030002602424
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	155.177,00
Уплатен дел MKD:	155.177,00
Вкупно основна главнина MKD:	155.177,00

СОПСТВЕНИЦИ	
ЕМБГ/ЕМБС:	1104958450005
Име и презиме/Назив:	ИВО ЃОРЃИЕВ
Адреса:	КОЗЛЕ бр.122А СКОПЈЕ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00

Непаричен влог MKD:	82.098,00
Уплатен дел MKD:	82.098,00
Вкупен влог MKD:	82.098,00

ЕМБГ/ЕМБС:	2807988455014
Име и презиме/Назив:	АНА ЃОРЃИЕВА
Адреса:	КОЗЛЕ бр.122А СКОПЈЕ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	73.079,00
Уплатен дел MKD:	73.079,00
Вкупен влог MKD:	73.079,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	надворешна трговија со прехрамбени производи надворешна трговија со непрехрамбени производи посредување и застапување во прометот со стоки и услуги посредување и застапување во услужните дејности реекспорт консигнација агенциски услуги во транспортот комисиони работи туристички работи и услуги меѓународен транспорт на стоки и патници меѓународна шпедиција застапување на странски фирми деловни и менаџмент консултански активности

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

ЕМБГ:	1104958450005
Име и презиме:	ИВО ЃОРЃИЕВ
Адреса:	КОЗЛЕ бр.122-А СКОПЈЕ, КАРПОШ
Овластувања:	Управител без ограничување - занимање: ВСС
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет

Број: 0805-50/150120210024922

Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	zumproekt@zumproekt.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 18 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ("СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 И 53/11") МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ИЗДАВА

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

БРОЈ 0058

НА

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ,
РЕВИЗИЈА И НАДЗОР
ЗУМ ПРОЕКТ доо Скопје

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ЗДОБИВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО ЗАКОН

ЛИЦЕНЦАТА ВАЖИ ДО : 10.11.2021 год.
ИЗДАДЕНО НА: 10.11.2011 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР

Миле Јанакиески

Друштво за проектирање, ревизија и надзор
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО
бр. 05/20
15.10 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20), а во врска со изработка на Предлог - планска програма за изработка на Детален урбанистички план Градска четврт И 07.01 - Тутунски комбинат, Општина Центар – Скопје, ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, го издава следното:

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР ПОТПИСНИК И ПЛАНЕРИ

За изработка на Предлог - планска програма за изработка на Детален урбанистички план Градска четврт И 07.01 - Тутунски комбинат, Општина Центар – Скопје, со технички бр. 05/20-У, како планери се назначуваат:

1. Иво Ѓорѓиев, дипл. инж. арх. број на овластување 0.0101, планер потписник
2. Нина Смрајц, дипл.инж.арх. број на овластување 0.0310, планер соработник

Планерите се должни планската програма да ја изработат согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Управител:

Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх.

Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ИВО ЃОРЃИЕВ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0101**

Издадено на: 16.10.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

НИНА СМРАЈЦ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0310

Издадено на: 16.10.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.


ПРЕДЛОГ - ПЛАНСКА ПРОГРАМА

1. ВОВЕД

Во согласност со член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20) **Деталниот урбанистички план Градска четврт И 07.01-Тутунски комбинат**, Општина Центар-Скопје, се изработува врз основа на планска програма што ја изготвува правното лице со лиценца за изработување на урбанистички планови Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје на иницијатива, и врз основа на Полномошно Број УЗП 9177/2019 во Скопје 22.11.2019 година, од Друштво за трговија и услуги РАТСЕЛ БАЛКАН ДООЕЛ Скопје.

Планската програма за Деталниот урбанистички план структурно е составена од текстуален и графички дел, каде се утврдуваат границата, општите и посебни цели на планирањето, концептот и содржината на планскиот опфат, и врз основа на член 44 став (7) од Законот претставува документ што со решение го одобрува градоначалникот на Општината на предлог на комисијата за урбанизам.

2. ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ



Слика 1. Граници по ГУП на ГЧ И 07



Слика 2. Граници на ДУП ГЧ И 07.01

Градската четврт И 07 е дефинирана со ГУП на Град Скопје, 2012-2022, а нејзината површина е поделена помеѓу две општини: Општина Центар - Скопје и Општина Кисела Вода - Скопје.

Со Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје за четврт И 07 таа е поделена на 2 (два) блока:

1. **И 07.01 чија површина се наоѓа во рамки на административните граници на Општина Центар - Скопје** и
2. **И 07.02** чија површина се наоѓа во рамки на административните граници на Општина Кисела Вода - Скопје.

Границите на планскиот опфат на Деталниот урбанистички план Градска четврт И 07.01-Тутунски комбинат, Општина Центар-Скопје, се движат по оските на уличната мрежа:

- на северозапад со булевар „Крушевска Република" (магистрална улица),
- на североисток со булевар „3-та Македонска бригада“ (собирна улица),
- на исток со улица „Никола Карев“ (собирна улица)
- на југоисток со улица „С2“ (сервисна улица)

и зафаќаат **површина од 6,9 ха**, а во рамки на регулационите линии таа изнесува 5,23 ха.

Границата на Деталниот план е претставена описно со координатите на секоја прекршна точка со редни броеви од 1 до 20 и два лака, и истите се претставени табеларно:

Површина 69002.98 m^2
Периметар 1062.53 m'

Ред. Бр.	X	Y	
1.	7536672.4159	4649276.5550	
2.	7536705.4570	4649268.2990	
3.	7536739.6950	4649257.1810	
4.	7536758.0830	4649252.5130	
5.	7536774.5130	4649248.2990	
6.	7536800.5450	4649245.1710	
7.	7536804.4690	4649245.0950	
8.	7536831.8350	4649244.3050	
9.	7536843.9260	4649244.5670	
10.	7536848.3729	4649244.9769	
11.	7536847.1334	4649239.3770	Најјужна
12.	7536856.1533	4649239.7743	

Лак 1
испапченост: 0.0484
центар: X=7536850.8725 Y=4649359.6581
радиус: 120.0000
почетен агол: 273
завршен агол: 284

13.	7536879.0837	4649243.0213	
14.	7536955.8233	4649261.5825	

Лак 2
испапченост: -0.1960
центар: X=7537129.6795 Y=4649320.2818
радиус: 183.4981
почетен агол: 199
завршен агол: 154

15.	7536964.3439	4649399.8789	
16.	7536986.3078	4649441.7499	Најисточна
17.	7536839.7732	4649558.2976	
18.	7536832.8957	4649576.7808	Најсеверна
19.	7536738.3202	4649450.2056	
20.	7536647.5607	4649341.9558	Најзападна

Нај	X	Y
Северна	7536832.8957	4649576.7808
Источна	7536986.3078	4649441.7499
Јужна	7536847.1334	4649239.3770
Западна	7536647.5607	4649341.9558

3. ОСНОВА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИОТ ПЛАН

Со Програмата „Ф“ за урбано планирање, Потпрограма за урбанистичко планирање Ф1 на Општина Центар-Скопје за 2021 година бр.08-5455/6 од 24.12.2021 година планирано е изработување и донесување на Деталниот урбанистички план.

Основа за изработување на Детален урбанистички план Градска четврт И 07.01 - Тутунски комбинат, Општина Центар - Скопје, е следната планска документација:

- Генералниот урбанистички план на Град Скопје, 2012-2022, донесен од Советот на Град Скопје со Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 година и
- Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје за четврт И 07, 2017-2022, донесен од Советот на Град Скопје со Одлука бр. 27-11114/7 од 10.12.2018 година.

За опфатот на Детален урбанистички план Градска четврт И 07.01 - Тутунски комбинат претходно не е донесена планска документација со детална регулација.

Изработувањето и донесувањето на Деталниот урбанистички план ќе биде во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.225/20), Закон за урбано зеленило („Службен весник на РМ“ бр.11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

4. ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Најголемиот модерен предизвик со кој се соочуваат градовите е создавање на безбедна и здрава средина која што не придонесува кон климатските промени, но истовремено и е отпорна на ефектите од истите. Затоа, трендот е при секоја промена на урбаните простори да се води посебна грижа за секторите кои директно се поврзани со овој предизвик и цел. Овие сектори вклучуваат првенствено урбана мобилност, урбано зеленило и биодиверзитет, управување со отпад, енергетска ефикасност и енергетска независност, користење на земјиштето, отпорност кон природни катастрофи итн.

Врз основа на направената анализа од:

- инвентаризација на градежниот, зелен и сообраќаен фонд и начинот на нивно користење,
- мапирани јавни површини и начинот на нивно користење,
- материјалите и системи на градба,
- потребите на жители/корисници во и вон опфатот на планот,

како и од-достапните развојни програми, стратегиски документи, одобрени сообраќајни и инфраструктурни проекти, односно:

- Проект за инфраструктура за ул. „Есенинова“, од раскрсница со бул.„3та Македонска ударна бригада“ до раскрсница со бул.„Борис Трајковски“, Град Скопје, Заверка бр. 8203/1 од 26.11.2014 година;

- Микролокациски услови за бунари за водоснабдување и пропратни елементи за потребите на Империјал Тобако ТКС а.д. Скопје, Одлука бр. 07-5916/1 од 24.08.2016 година;
- План за унапредување на велосипедскиот сообраќај на Град Скопје 2019-2021, донесен со Заклучок бр. 27-8697/1 од 19.09.2019 г. од Советот на Град Скопје;
- Акциониот план за зелен град донесен со Заклучок бр. 27-8274/1 од 27.10.2020 г. од Советот на Град Скопје;
- Отпорно Скопје – Стратегија за климатски промени од која произлегуваат следни проекти:
    1. Урбани топлински острови во Скопје од април 2016г.;
    2. Анализа и Акциски План од декември 2018г.;
- Студија за моделирање на поплавите во Скопје од април 2016г.;
- Локалниот еколошки акционен план за општина Центар (2019 – 2025), Одлука бр. 08-5026/2 од 17.10.2019 г. (Сл.гласник на Општина Центар – Скопје од 18 октомври 2019 година) во кој се дадени насоки за:

1. Развивање на социјалната димензија на одржливиот урбан развој преку инклузивни и безбедни градови со цел подобра борба против урбаната сиромаштија и исклученост;
2. Развивање на зелени и отпорни градови, а во контекст на одржливоста на животната средина која е од фундаментално значење за обезбедување на просперитет и благосостојба на сите луѓе во планетарни рамки;
3. Развивање на просперитетни и иновативни градови со посебен фокус на создавањето развој и работни места;
4. Развивање на добро урбано управување преку зајакнување на капацитетот на властите на сите нивоа на власта во интегрирано планирање и управување со јавните финансии, преку воспоставување на соодветни законски и политички рамки, преку поттикнување на пристапот до јавни и приватни инвестиции од страна на општините, и преку зајакнување на позицијата на жените во прашања поврзани со управувањето на урбаните средини;

се извлекоа заклучоци за „константи“ и „променливи“ состојби во просторот и со нивно премрежување се дојде до кристализиран концепт за негово уредување поместен подолу, во Општи и посебни цели.

4.1 ОПШТИ ЦЕЛИ

Основна цел за изработување и донесување на **Деталниот урбанистички план Градска четврт И 07.01-Тутунски комбинат** е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат утврден со границите на Блок 1 од Градската четврт И 07 во **Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје за четврт И 07**. Усогласувањето се однесува и на клучните плански одредби во Генералниот урбанистички план, односно Регулацискиот план со кои се уредуваат намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, односно примарната мрежа на сообраќајници и комунални инфраструктури, како и сите други нумерички плански параметри.

Исто така, цел на Деталниот урбанистички план е да се создадат услови за применување на утврдени стандарди во планирањето и уредувањето на просторот, да се обезбедат локации и услови за изградба и функционирање на комерцијални и деловни објекти, на објектите од лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на инфраструктури за пренос на електрична енергија, како што се среднонапонските надземни водови и објекти-трафостаници над 20 КВ, но и да се задржи постојното и да се планира ново парковско и пејзажно зеленило.

Се разбира, цел на Деталниот урбанистички план е и да обезбеди фукционално и просторно поврзување со непосредната околина, со централното градско подрачје и со градскиот организам во целина, да обезбеди услови за висок квалитет на живот и работа на граѓаните и граѓанките преку обезбедување на комуналните стандарди од областа на сообраќајот (велосипедски, пешачки и автомобилски), водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.

4.2 ПОСЕБНИ ЦЕЛИ

Согласно Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје за четврт И 07, 2017-2022, на предметната локација се предвидува доминантна застапеност на основните класи на намена Г2- лесна и незагадувачка индустирија, Г3 – сервиси и Г4 – стоваришта. Земено предвид неиздржаниот избор на несоодветните класи на намени од системот на класи на намени Г за централното градско подрачје на град Скопје, локацијата на предметните намени да биде задржана само на постојните капацитети на Тутунскиот комбинат, без задавање на понатамошна развојна компонента.

Во рамки на планскиот опфат застапени се и објекти со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи, кои својот правен статус го стекнале согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Земено предвид дека Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје за четврт И 07, 2017-2022, не ја предвидува наведената класа на намена, во планската документација да се предвиди основна класа на намена која како компатибилна намена го содржи домувањето.

Во рамки на планскиот опфат моментално застапени се и објекти со основна класа на намена В2 – труд и социјална политика и В4 – државни институции, намени кои исто така не се предвидени во зададените нумерички показатели на ниво на Блок 1 со Регулацискиот план. За постојните градби да ја задржат конкретната локација, во планската документација да се искористи одредбата од член 12 во Регулацискиот план: „Вредностите на процентуалната застапеност на површини според наменската употреба на земјиштето во планот може да се пресметуваат со апроксимација од 4% на намени и класи на намени за јавни функции, додека за апроксимацијата помеѓу сите други класи на намени изнесува 0,1% заради уточнување со реалната состојба“.

Дополнително, при планирањето на новите површини за градба да се води сметка за поставеноста во однос на објектите за кои не се предвидува понатамошен развој, односно кои се задржуваат во постојна состојба.

Да се препознаат вредностите на архитектурата и просторот и да се штитат и унапредуваат, дури и кога не се прогласени за културно наследство.

Во планската документација да се предвидат минимум 20% зеленило во рамки на секоја градежна парцела, под и над кое не се дозволува градба.

При планирањето на зеленилото во планскиот опфат да се води сметка да се зголеми опфатот, квалитетот и разновидноста на зелените површини кои се дел од поврзан систем и мрежа на урбани зелени површини и зелени коридори во градот и се лесно достапни за населението во непосредна близина. Земено предвид дека согласно моделирањето на поплави, опфатот се наоѓа на високо ризично подрачје, планската документација задолжително да даде препорака за развој на зеленилото во насока на поголем капацитет за прием и филтрирање на води. Исто така, планскиот опфат припаѓа на простор со висока густина на топлински острови и висок површински температурен интензитет на тие острови. Поради ова, планскиот опфат треба да се планира со мерки за намалување на интензитетот наведени во овој акциски план, како зелени покриви, ладни покриви, ладни површини, зелени паркинзи, вертикални градини итн.

Во планската документација да се георефернцира променетата локација на постојниот бунар, а чија дислокација е предвидена со изведбата на ул. „Есенинова“ (ул.„Никола Карев“).

При планирањето да се води сметка сите потенцијални извори на бучава да се дистанцирани од објекти кои како компатибилна намена го имаат домувањето, објекти кои како комплементарни намени имаат настава (образовна компонента), како и од други чувствителни рецептори. Да се обезбеди заштита од бучава преку предвидување на зелени појаси или дрвореди на транзитните магистрали, како и соодветни растојанија на градбите од регулационите линии.

Да се обезбеди сообраќаен пристап од секундарна улична мрежа до новоформираните градежни парцели, да се предвиди обезбедување на потребен број на паркинг места за автомобили и велосипеди исклучиво во рамки на градежните парцели. Притоа, бидејќи се работи за централна градска локација каде е очекувано употребата на велосипед како превозно средство да биде поголема, да се применат повисоки стандаради за паркирање велосипеди.

Да се анализираат пешачките и велосипедските движења и да се интегрира велосипедскиот и пешачкиот сообраќај во идниот Детален урбанистички план, односно да се стави фокус на возењето велосипед.

Да се пропишат реално остварливи мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина, мерки за справување со климатските промени, мерки за справување со отпад, мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, како: препорака за користење порозни/озеленети површини за површинското паркирање, уредување со дрвореди на пешачките патеки, зачувување на што поголем број од зрелите дрвја во комплексот, определување локации за селектирање отпад кои не пречат на движењето, а се лесно достапни до корисниците на просторот, задолжителен велосипедски паркинг за новите објекти итн.

Во насока на подобрување на енергетската ефикасност, да се предвиди уличното осветлување во рамки на опфатот да биде паметно и онаму каде што е изводливо само-напојувачко преку соларни панели. Исто така, да се даде препорака за користење на PV-T (фотоволтаични термални) панели за јавните и деловните објекти, но и над отворените паркиралишта, со што ќе се промовира енергетската независност и употреба на обновливи извори, ќе доведе до поефективно користење на земјиштето и ќе даде модерен и позитивен пример за развој на централно градско подрачје.

Да се вградат постојните локации на садовите за отпад или да се предвидат нови и да се планира простор за зголемување на капацитетите од аспект на проектираното зголемување на населението (корисниците) и потребите за селекција на отпадот. Во

планската документација да се определи типот на садови за собирање отпад и да се одредуваат специјални места за собирање отпад и да се дадат услови за нивно проектирање и изградба согласно потребната пристапност за специјалните возила за собирање отпад, но на начин што нема да го попречуваат на движењето.

5. КОНЦЕПТ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ ВО ОПФАТОТ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Опфатот на Деталниот урбанистички план Градската четврт И 07.01-Тутунски комбинат целосно припаѓа на централното градско подрачје, а според диспозицијата означува дел од средишниот источен граничен простор што ја тангентира Општина Кисела Вода. Станува збор за простор со урбана меморија доминантно идентификувана со намената на некогашниот индустриски комплекс „Монопол“, во чиј просторен развој постојат изразено дисхармонични процеси што резултираат со анахроно и недоволно димензионирање на комуналната инфраструктура и неразвиен систем на сообраќајни, велосипедски и пешачки површини.

Таквата полуспонтана урбана структура, што се должи на непостоење на планска документација со параметри за детално уредување на просторот, ја сочинува изградена површина зафатена со типологија на слободностоечки објекти со деловна и комерцијална намена, со објекти (планирани за намена) од лесна и незагадувачка индустрија, спорадично поставени станбени куќи (дел од нив се со утврден правен статус на бесправно изградени објекти), мали комерцијални објекти и сервиси и, во северниот дел, напојна трансформаторска станица од 110/35/10 кВ.

Значајно е согледувањето за неоправданоста од примена на посебната одредба во Регулацискиот план на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022 за Четврт И 07.01 за наменска употреба на земјиштето со М (Б+Г) со акцент на групата класи на намени Г т.е. комбинирана од групата класи на намени **Б-комерцијални и деловни намени (застапени со 33,27 %)** и основните класи на намени **Г2, Г3, Г4-лесна индустрија, сервиси и стоваришта (застапени со 38,81%),** а за кои **ќе важи универзалниот клуч за конвертирање во новиот систем на класи на намени** преку деталните описи на активностите, дејностите, односно видовите на градби во согласност со член 197 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.225/20).

Со оглед на фактот што **просторниот опфат досега не бил уреден со урбанистички план со детална регулација** концептот за организација на просторот е дефиниран како што следува:

Планирањето на големината на градежните парцели, површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на дворните места околу градбите, одредувањето на потребен број места за паркирање, како и другите урбанистички параметри да бидат во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на планскиот зафат и целите во планската програма.

Класите на намени за градежните парцели во ДУП Градска четврт И 07.01-Тутунски комбинат се:

- Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
- Б2 - големи единици за трговија
- Б3 - големи единици за угостителска дејност
- Б4 - деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
- Д1 - парковско и пејзажно зеленило
- Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило задолжително за одвојување на зоните со некомпатибилни намени (на пр. источно од напојната трансформаторска станица) и
- Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури

односно нејзините поединечните класи на намени:

- Е1.5 (инфраструктури на водоснабдувањео - бунари)
- Е1.8 (напојни трансформаторски станици од 110/35/10 кВ).

Со Деталниот урбанистички план треба да се дефинираат улиците од секундарната улична мрежа, а сообраќајниот систем да биде со квалитетно поврзување со примарната сообраќајна мрежа. Исто така, со планот треба да се обезбеди воспоставување на оптимален внатрешен систем на сообраќајници (пешачки, велосипедски и автомобилски).

Снабдувањето со вода, одводот на отпадните води треба да се предвиди во сепарационен систем на канализација (атмосферска и фекална), во согласност со планираните параметри за водоводната и за канализациската мрежа. За снабдување со електрична енергија да се предвидат и локации за нови трафостаници.

Деталниот урбанистички план треба да ги утврди општите услови за градење и насоките за негова реализација како и да ги пропише посебните услови и параметри за градење за секоја градежна парцела посебно, вклучувајќи ги поединечните компатибилни намени (избрани врз основа на анализите за постојна состојба и програмски барања за развој на опфатот).

При изработувањето на ДУП Градска четврт И 07.01-Тутунски комбинат да се почитуваат сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

Планскиот период на Деталниот урбанистички план се однесува на периодот од 2021 до 2026 година.

Составил:

Иво Ѓорѓиев,д.и.а.
овластување бр.0.0101
-планер потписник

ЗБИРНИ НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ЧЕТВРТ																
ЧЕТВРТ		ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ И ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ														
И 07		А (ДОМУВАЊЕ)	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)	Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)	Г1 (ТЕШКА ИНДУСТРИЈА - ЗАГАДУВАЧКА)	Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)	Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)	Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)	Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ	Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)	Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)	ПОВРШИНА ПОД СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА	МЕШАНА НАМЕНА (А+Б)	МЕШАНА НАМЕНА (Б+Г))
%	100,00	9,48	33,82	0,00	29,59	0,00	1,31	0,73	0,00	0,00	0,00	0,00	5,10	19,97	0,00	0,00
ХА	6,86	0,65	2,32	0,00	2,03	0,00	0,09	0,05	0,00	0,00	0,00	0,00	0,35	1,37	0,00	0,00

И 07	ПОВРШИНА НА ЧЕТВРТ ВО ХА	ДОМИНАНТНА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАХ. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА	ПРОСЕЧЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **Р** %	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ	ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2	ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К**	МАХ. ДОЗВОЛЕН БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИ ВО ЧЕТВРТТА	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА	МАХ. ДОЗВОЛЕНА НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ **Ж/ХА**
	6,86	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	0,65	20,83	12	16250	2,50	500	139	769
Вкупно:	**6,86**		**0,65**			**16250**		**500**	**139**	

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА ЧЕТВРТ											
И 07		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС Л/СЕК	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕРСКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ Mw/h /ГОД
	ПОТРЕБИ	1.570,45	200,00	2,31	3,47	4,51	4,69	7,04	160,00	377,30	1.250,00

ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА — 20,25 СЕМ/ХА

ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ГРАДБИ, ОЗНАЧЕНИ ВО ОВОЈ ПЛАН СО СИМБОЛИ, ОБВРЗНО ДА СЕ УТВРДАТ СО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО ЗА ЧЕТВРТТА

*

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БЛОКОВИТЕ

БЛОК														
И07.01		А (ДОМУВАЊЕ)	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)	Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)	Г1 (ТЕШКА ИНДУСТРИЈА - ЗАГАДУВАЧКА)	Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)	Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)	Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)	Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ	Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)	Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)	ПОВРШИНА ПОД СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
%	100,00	0,00	33,27	0,00	38,81	0,00	0,96	0,96	0,00	0,00	0,00	0,00	6,69	19,31
ХА	5,23	0,00	1,74	0,00	2,03	0,00	0,05	0,05	0,00	0,00	0,00	0,00	0,35	1,01

И07.01	ПОВРШИНА НА БЛОК ВО ХА	ДОМИНАНТНА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАХ. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА	ПРОСЕЧЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **Р** %	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ	ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2	ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К**	БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИ ВО ЧЕТВРТТА	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА	МАХ. ДОЗВОЛЕНА НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ **Ж/ХА**
	5,23	Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)	0,00	0,00	0	0	0,00	1000	0	0
Вкупно:	**5,23**		**0,00**			**0**		**1000**	**0**	

ВРЕДНОСТИТЕ СЕ ВРЗ ОСНОВА НА МОЖНОСТИТЕ НА ПРОСТОРОТ

1. СЕ ДОЗВОЛУВААТ ГРАДБИ ЗА СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА
2. ВО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО СО ТАМПОН ЗОНИ ДА СЕ РАЗДВОЈАТ НЕКОМПАТИБИЛНИТЕ НАМЕНИ
3. ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ **(В),** ПРЕТСТАВЕНИ СО ПИКТОГРАМ, ОБВРЗНО ДА СЕ ИСПЛАНИРААТ ВО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО, СО ПОВРШИНА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА ГРАВИТАЦИСКОТО ПОДРАЧЈЕ
4. ВИСИНАТА НА ГРАДБИТЕ ВО БЛОКОТ Е РЕГУЛИРАНА ВО **ЧЛЕН 13** ОД ОПШТИТЕ ОДРЕДБИ ОД ОВОЈ ПЛАН

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА БЛОК											
И07.01		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС Л/СЕК	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕРСКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ Mw/h /ГОД
	ПОТРЕБИ	952,51	400,00	4,63	6,94	9,03	4,69	7,04	320,00	287,65	0,00

ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА — 0,00 СЕМ/ХА

ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ГРАДБИ, ОЗНАЧЕНИ ВО ОВОЈ ПЛАН СО СИМБОЛИ, ОБВРЗНО ДА СЕ УТВРДАТ СО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО ЗА ЧЕТВРТТА

II. Графички дел

Содржина:

1. Извод од ГУП на Град Скопје 2012 – 2022.....М = 1:10000
2. Извод од Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт И 07.01.....М = 1:5000
3. Ситуација со пошироко опкружување.....М = 1:25000
4. Ажурирана геодетска подлога.....М = 1:1000
5. Инвентаризација на постоен градежен и зелен фонд.....М = 1.1000

ГРАД СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ
НА ПРОСТОРОТ

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 326

Наш број: 13 – 5/87 сл.
09.07.2021 год
Скопје

Ваш број: .
год
Скопје

ДО:
„ЗУМ ПРОЕКТ" ДОО
Бул. „Јане Сандански" бр. 59-1/1 мезанин
- Скопје

Предмет: ИЗВОД ОД ГУП

Почитувани,

Во Град Скопје Сектор за планирање и уредување на просторот, Одделение за просторно и урбанистичко планирање, доставено е Вашето барање број 13-5/87 од 12.07.2021 год. за извод од Генералниот урбанистички план (ГУП Скопје 2012-2022 година) на Град Скопје за опфат/локалитет:

- **Градска четврт И 07.**

Согласно со член 49 точка 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), и согласно Правилникот за формата и содржината на изводот од Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план за вон населено место, Државна урбанистичка планска документација и од Локална урбанистичка планска документација („Сл. Весник на РМ" бр.24/11), Секторот за планирање и уредување на просторот, Одделение за просторно и урбанистичко планирање на Град Скопје изготви извод од ГУП за бараниот локалитет и истиот Ви се доставува за Ваша понатамошна употреба.

Во прилог Ви испраќаме:
- Општи и посебни услови за просторен развој;
- Графички приказ на планските решенија;
- Нумерички показатели - посебни услови по четврт;

Со почит,

М.П.

Раководител на сектор
Никола Гацовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА Град Скопје
(грб и име на надлежна општина)

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 87/2021
(број на извод)

Број: 13-5 **од:** 09.07.2021
(архивски број) (датум)

ГУП: ГУП на Град Скопје (2012-2022 год.)
(наслов на план и плански период)

Сектор за планирање и уредување на простор
(име на надлежен сектор во општината)

Одлука бр: 07-5068/1 **од:** 03.12.2012
(број и дата на Одлука со која е донесен планот)

М 1 : 5000
(Размер)

ИЗВОДОТ ЗА: Градска четврт И 07, во Скопје
(блок/четврт/урбана единица/катастарска парцела во катастарска општина/улица-сообраќајница/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. Графички дел:

- Заверена копија од план на намена на површините - наменски зони во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од сообраќаен и нивелациски план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од план на инфраструктура во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од сообраќаен план со типови на раскрсници, со легенда;
- Заверена копија од посебни услови по четврт – нумерички показатели (табеларен преглед);

2. Текстуален дел:

- Заверена копија од општите и посебните услови за просторен развој, параметри за спроведување на планот, плански и услови за детално планирање на просторот и мерки за заштита на културно наследство, на природата и на животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл:

НАПОМЕНА:

- При изработка на плановите од пониско ниво ниво да се почитуваат регулациските линии кои ги оформуваат сообраќајните коридори.
- Со проектот за инфраструктура за сообраќајните коридори кој ќе се изработи врз основа на Генералниот урбанистички план или врз основа на плановите од пониско ниво, ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (со број и широчина на сообраќајните ленти, тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКOПJE * * ОПШТИНА ЦЕНТАР - QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT *

М.П.

Раководител на сектор
Никола Гацовски



ГРАД СКОПЈЕ

ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СКОПЈЕ

ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2012 - 2022

ДЕКЕМВРИ 2012

10. ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Основа за изработка општи и посебни услови за просторен развој е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на Р.М. број 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Сл. Весник на Р.М. број 63/12, 126/12), Планската програма, како и специфичноста на планскиот концепт во рељефни услови и планските барања.

10.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Член 1

1) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се најдирективниот и најнормативниот дел од планот со кој се остварува принципот на нормативна субординација на Генералниот урбанистички план во деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува.
2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштетои градбите за спроведување на планот се состојат исклучиво од планските услови со правно дејство кои се формулирани на номотетички, нормативен, експлицитен, логичен и непротивречен начин.
3) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се состојат од плански услови со кои се дефинираат сите просторнофизички параметри на планираните супра и инфраструктури, како и сите услови за градење и начини на употреба на земјиштето и градбите.
4) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план ги содржат интегрирани планските услови од текстуалниот, нумеричкиот и графичкиот дел од Генералниот урбанистички план со директивно планерско и правно дејство.

Член 2

1) Условите за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се состојат од општи и посебни услови.
2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на целата територија на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план и на начинот на формулирање на планските услови , нивното читање, толкување и правно дејство.
3) Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на територииите на поединечните урбанистички единици на градежно земјиште на кои е поделен планскиот опфат на Генералниот урбанистички план со кои ќе се спроведува Генералниот урбанистички план.

Член 3

Во графичкиот дел од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се презентирани формираните граници на единици на градежно земјиште за спроведување на Генералниот урбанистички план. Границата на детално планирање е граница на четврт.

Член 4

1) Посебните услови за спроведување на планот се плански услови кои имаат императивно правно дејство, распоредени се според планерските просторни единици утврдени во Генералниот урбанистички план и се однесуваат за секоја единица на градежно земјиште посебно.
2) Посебните услови за спроведување на планот претставуваат инструмент за просторна дистрибуција на планските услови од Генералниот урбанистички план во планерските просторни единици со кои Генералниот урбанистички план треба да се спроведува.
3) Графичките делови од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се изработени во размер 1 : 5 000.

Член 5

1) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните услови за планирање и развој на просторот за секоја урбана четврт, а за секој плански опфат на деталните урбанистички планови се дадени границите.
2) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните плански услови кои ги дефинираат посебните услови за планирање, развој и користење на просторот како што се:

- граници на урбаните четврти и граници на плански опфат на деталните урбанистички планови,
- граници на зони за наменска употреба на земјиштето,
- наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со системот на класи на намени,
- локации за сингуларни намени за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес како и обврзни површини од јавен интерес прикажани со пиктограми,
- регулациски линии на примарната сообраќајна мрежа,
- површини за јавна употреба од значење за Градот,
- елементи за просторно разместување и димензионирање на водовите и градбите од примарните мрежи на сите градски инфраструктури: водоводни, канализациски, електрични, топловодни, гасоводни, поштенски, телефонски, телекомуникациски и др.

3) Во текстуалниот и нумеричкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинираат:

- површините на урбанистичките единици на градежно земјиште-четврт,
- површините на наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со процентуална застапеност, односно површината на наменската зона изразена во хектари,
- степенот на уреденост на градежното земјиште на подрачјето и капацитетот и режимот на понатамошното уредување,
- специфичниот режим на планирање, градење и употреба на земјиштето во зоните за наменска употреба на земјиштето,
- вредности на урбанистичките параметри: густина на населеност, процент на изграденост, коефициент на искористеност и други, како и конкретни мерки за заштита на природните и културно-историските споменици,
- Инфраструктурни потреби за секоја четврт.

Граница на планскиот опфат

Член 6

1) Граница на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е линиски симбол во графичкиот дел на планот со кој се уредува подрачјето на кое урбанистичкиот план е на сила.
2) Граница на планскиот опфат е затворена линија што го опкружува подрачјето на кое се протега правното дејство на Генералниот урбанистичкиот план.
3) Подрачјето на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план кое е опкружено со границата на планскиот опфат се здобива со статус на градежно земјиште, чијашто намена и начин на уредување, градење и користење се утврдени со урбанистичкиот план.

Член 7

1) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е рационална, економична, правилна линија на опкружување со колку што е можно помала должина.
2) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е линија што се совпаѓа или ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др).
3) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е линија која нема да ја намалува вредноста на земјиштето што го дели или да ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови.

Член 8

1) Политика на утврдување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Скопје е создавањето на модел на компактен град во кој и просторните подсистеми се со компактни форми и претставуваат фундамент на одрживиот урбан развој гледан низ призмата на еколошкиот, економскиот, социјалниот и културниот развој.
2) Компактниот град подразбира развој, создавање, организирање и манифестирање на структура со единствен урбан метаболизам кои ќе биде, социолошки прифатлив, економски оправдан и технички одржлив.

Член 9

1) Кога со границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Скопје се врши проширување на планскиот опфат, тоа е во случаи кои можат да се сметаат за неизбежни и нужни правци на просторниот развој и овие проширувања се темелат врз следниве принципи:
- зачувување на значајните природни целини, квалитетното аграрно земјиште и земјиштето кое ќе овозможи поврзување на градското и вонградското зеленило во континуиран систем на зелени површини;
- ангажирање на површини за територијално ширење кои генерираат најниски трошоци за развој;
- ангажирање на површини за територијално ширење кои ќе овозможат нивно поврзување во единствена целина со постојниот градски простор и користење на компаративните предности кои таквото поврзување ги овозможува;
- рационална просторна организација на основните дејности и активности, со обезбедување на висок степен на уреденост на градскиот простор и на квалитетот на живот;
- обезбедување на рационален и ефикасен систем на проширување на сообраќајната мрежа и сообраќајно поврзување со системите на јавен транспорт;
- обезбедување на рационален и ефикасен систем на проширување на водовите на комуналната инфраструктура кој ќе овозможи соодветен квалитет во снабдувањето.

Член 10

1) Границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Скопје е плански услов кој се уредува во Генералниот урбанистички план на Град Скопје на графички и текстуален начин.
2) Графичкото обележување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е испрекината црвена линија со дебелина од 2мм.
3) Електронското обележување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е со нумеричко одредување според геодетските оски x и y, на сите прекршни точки на математичката линија на границата.
4) Границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Скопје е предадена и на текстуален начин со ориентационен опис на нејзината траекторија според виканите места, називите на сообраќајниците, бројот на градежните парцели во прекршните точки без викано име и страните на светот.

Член 11

Правното дејство на границата на планскиот опфат стапува на сила со донесувањето на Генералниот урбанистички план.

Граници на единиците на градежно земјиште

Член 12

1) Во Генералниот урбанистички план се одредени границите на територијалните единици за планирање, и тоа: - граници на подрачјата на урбаните четврти

Член 13

3. ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ **(В)**, ПРЕТСТАВЕНИ СО ПИКТОГРАМ, ОБВРЗНО ДА СЕ ИСПЛАНИРААТ ВО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО, СО ПОВРШИНА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА ГРАВИТАЦИСКОТО ПОДРАЧЈЕ
4. ВИСИНАТА НА ГРАДБИТЕ ВО ЧЕТВРТТА Е РЕГУЛИРАНА ВО **ЧЛЕН 47** ОД ОПШТИТЕ ОДРЕДБИ
5. ВО ДЕЛОВИ НА ЧЕТВРТТИТЕ, КОИ ПОСТОЈАТ КАКО УРБАНИ ЦЕЛИНИ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, ВО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО СЕ ЗАБРАНУВААТ ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА ЧЕТВРТ											
		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС Л/СЕК	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕРСКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ Mw/h /ГОД
	ПОТРЕБИ	1,565.65	200.00	2.31	3.47	4.51	4.70	7.06	160.00	377.30	1,250.00
ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА							20.25 СЕМ/ХА				

ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ГРАДБИ, ОЗНАЧЕНИ ВО ОВОЈ ПЛАН СО СИМБОЛИ, ОБВРЗНО ДА СЕ УТВРДАТ СО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО ЗА ЧЕТВРТТА

*

НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО – ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ

Член 12

Со оваа планска документација се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18):

1. **Домување(група класи на намени – А),**
2. **Комерцијални и деловни намени (група класи на намени – Б),**
3. **Производство, дистрибуција и сервиси (група класи на намени – Г),**
4. **Зеленило и рекреација (група класи на намени - Д),**
5. **Инфраструктура (група класи на намени - Е).**

Вредностите на процентуалната застапеност на површини според наменската употреба на земјиштето во планот може да се пресметуваат со апроксимација од 4% на намени и класи на намени за јавни функции, додека за апроксимацијата помеѓу сите други класи на намени изнесува 0,1% заради уточнување со реалната состојба.

ВИСИНА НА ГРАДБИТЕ ВО ЧЕТВРТ

Член 13

Висината на градбите во блоковите да се утврди во урбанистичка документација од пониско ниво, обврзно земајќи ги предвид следните ограничувачки фактори:

- Да се почитува јавниот интерес преку прописите за заштита и спасување утврдувајќи ја висината во корелација со должината на обрушувањето;
- Да се почитува јавниот интерес преку квалитетни композициски урбанистички решенија со посебна анализа на силуетите на градбите долж улиците;
- Да се почитува јавниот интерес преку овозможување проветрување –аерација на градскиот простор;
- За градбите со намена домување во семејни куќи да се почитува соседското право, односно да не се намалува вредноста на земјиштето и вредноста на градбата на соседот, да се овозможи правото на осончување на градбата на соседот во зимскиот период најмалку еден час, да не се одзема правото на видик на соседот за градбите на коси терени (да не се попречува видикот), да се овозможи аерација на соседскиот простор;
- Правото на надградба подразбира зголемена висина за уште 1,6м од дозволената висина во деталниот урбанистички план, како и излегување на конструкцијата со проектираните димензии надвор од утврдената градежна линија. За планираните надградби да се предвиди рамномерна и правична распределеност на бројот на нивои во секоја четврт;

- Висините да бидат рамномерно нивелирани и усогласени при оформувањето на венците, без особени отстапувања за да не се наруши изгледот и силуетите на улиците во секоја четврт;
- Висините да се утврдат и врз основа на условеноста со плански утврдената максимална густината на населеност за секоја Четврт.

ПАРКИРАЊЕ

Член 14

Бројот на паркинг местата се утврдува на ниво на планска документација од пониско ниво, соодветно на планираните површини со дефинирана намена на земјиштето со овој План, а според стандардите и нормативите за секоја дефинирана намена на земјиштето. Паркирањето може да биде сместено подземно или надземно, при што надземната површина наменета за паркирање влегува во вкупната изградена површина.

Член 15

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Сл. весник на РМ, бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Во текот на реализација на овој План преку изготвување на урбанистичка документација од пониско ниво, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ, бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

УСЛОВИ ЗА УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО И ОЗЕЛЕНЕТОСТ

Член 16

При изработката на плановите од пониско ниво (ДУП-ови) за блоковите задолжително да се применат одредбите пропишани во Законот за урбано зеленило (Сл. Весник бр.11/18).

Условите за оформување на пејсажот во рамките на блоковите се:

- Долж примарната, односно секундарната сообраќајна мрежа да се уреди појас на зеленило со садници од типот на грмушки и садници на листопадни дрва со височина до 6м, кои се карактеристични за локалитетот и опкружувањето. Растојанието меѓу листопадните дрва треба да овозможи формирање засенчен коридор за пријатно движење во летниот период (функционално заленило).
- Просторот околу градбите и комплексот на градби во блоковите, хортикултурно да се уреди согласно амбиенталните и пејзажните карактеристики на истиот.
- Зелените површини да се уредат врз основа издадени услови за градба, произлезени од утврдена урбанистичка документација од

пониско ниво(Архитектонско Урбанистички Проекти -АУП), која покрај другите фази обврзно ќе ја содржи фазата Хортикултура.

Член 17

Во дефинирање на урбанистичките параметри за блокот се пропишува и следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски материјали за завршна обработка на градбите;

Член 18

Се дозволува со плановите од пониско ниво целокупната инфраструктура да се дефинира со проекти за инфраструктура. Сервисните улици мора да се проектираат во рамките на регулациските линии коишто ги дефинираат.

Член 19

Разликата која се јавува во процентот за сообраќајната инфраструктура, којашто е разлика меѓу претпоставената површина на сообраќајната инфраструктура во ГУП на Скопје, односно Регулацискиот план на четврт и уточнетата површина на истата во плановите од пониско ниво, да се нивелира пропорционално, односно со урбана логика, за сметка на другата наменска употреба на земјиштето. Се препорачува тоа нивелирање да не биде за сметка на јавните функции, јавните простори или зеленило.

Член 20

Регулацискиот план за четврт го утврдува оптималното учеството на компатибилните намени и класи на намени во мешаните наменските зони, во рамките на процентуално учество во максимален однос од 60/40. Компатибилноста на намените се утврдува на ниво на една градежна парцела во планска документација од пониско ниво согласно правилнички нормираните минимални и максимални вредности на нивното процентуално учество.

Член 21

Во делови на блоковите, кои постојат како урбани целини со намена домување во станбени куќи, во планската документација од пониско ниво се забрануваат градби за домување во станбени згради.

ПРИРОДНИ РЕТКОСТИ И ПРЕДЕЛИ

Член 22

Во четвртите на подрачјата кои се предложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши согласно претходно направената валоризација на природните вредности и влијанијата врз животната средина.

Задолжително постапување со природното наследство во четвртите и на подрачјата кои се предложени за заштита согласно:
- Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр. 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18).

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 23

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на новопредвидените содржини во блоковите, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во:

- Закон за животната средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, бр.81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл. весник на РМ, бр. 100/12-пречистен текст, број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13 и 146/15), (пречистен текст 100/12, 163/13 и 10/15);
- Закон за водите (Сл. весник на РМ, бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ, бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот (Сл. весник на РМ, бр. 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15 и 192/15);
- Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр. 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и други законски и подзаконски акти.

Член 24

Во фазата на изградба во блоковите да се користат еколошки прифатливи градежни материјали. По завршување на градежните активности во секоја блок потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од терените, со цел да се избегнат дополнителни економски трошоци заради потребите од нејзина дислокација. По завршување на активностите, шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

Член 25

По завршување на градежните активности во блоковите да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини.

Член 26

Задолжително постапување со посебните видови отпад во блоковите согласно постојната законска регулатива:

- Правилник за начинот на постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест (Сл. весник на РМ, бр. 89/06),
- Правилник за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл. весник на РМ, бр. 48/07),

- Правилник за начинот на постапување со медицински отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад (Сл. весник на РМ, бр. 146/07),
- Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците (Сл. весник на РМ, бр. 156/07),
- Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад (Сл. весник на РМ, бр. 15/08),
- Правилник за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл. весник на РМ, бр. 108/09),
- Правилник за начинот на постапување со отпадните гуми, како и условите кои треба да ги исполнуваат правните и физички лица кои увезуваат употребувани гуми (Сл. весник на РМ, бр. 108/09),
- Правилник за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористени возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата (Сл. весник на РМ, бр. 108/09),
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл. весник на РМ, бр. 130/09),
- Исправка на Правилникот за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл. весник на РМ, бр. 108/09), (Сл. весник на РМ, бр. 142/09 од 25.11.2009 год.),
- Правилник за изменување на правилникот за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористените возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата(*) (Сл. Весник на РМ, бр. 164/10 од 20.12.2010 год.),
- Правилник за начинот на водење како и формата и содржината на обрасците на базата на податоци за следење на повторната употреба и преработка на искористените возила и на целите кои треба да се постигнат со повторна употреба и преработка на искористените возила(*) (Сл. весник на РМ, бр. 74/11 од 02.06.2011 год.),
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозволата односно недонесување на решение за одбивање на

барањето за издавање на дозвола за трговија со неопасен отпад (Сл. весник на РМ, бр. 129/11 од 23.09.2011 год.)

Заради заштита на медиумите и областите во животната средина во услови на настаната штета загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба, како пред оштетувањето.

ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 27

Согласно Законот за одбрана (Сл. весник на РМ, бр. 185/11-пречистен текст и 215/15), Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) (пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16 и 83/18) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ, бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштита од пожари

Член 28

Со урбанистичка документација од пониско ниво за секој блок поединечно, обврзно да се почитуваат растојанијата на улиците до површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно како и за градбите во истите, односно елементите на партерот, за непречена манипулација на ПП возилата.

Член 29

Обврзно да се предвиди надворешна хидрантска мрежа околу блоковите, површините за градба на секоја наменска употреба на земјиштето како и градбите и комплексите на градби во истите, а нејзината поставка да е во согласност со ПП норми и стандарди.

Член 30

Водењето на другата инфраструктура обврзно треба да биде во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија.

Член 31

Другите елементи за противпожарна заштита обврзно да се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на урбанистичката документација од пониско ниво во делот на условите за градба, посебно за секоја градба или комплекс на градби во рамките на површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно.

Заштита од воени разурнувања

Член 32

Во урбанистичката документација од пониско ниво во условите за градба обврзно да се овозможи растојание од најблиската градба до уличната мрежа минимум половина од висината на градбата (L=H/2), односно во граници кои, при разурнување на градбите овозможуваат проодност на сообраќајниците на кои се поставени.

Член 33

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, обврзно да се утврдат со посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на урбанистичката документација од пониско ниво во делот на условите за градба, посебно за секоја градба или комплекс на градби во рамките на површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно.

Заштита од природни катастрофи

Член 34

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Член 35

Елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, обврзно треба да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во урбанистичката документација од пониско ниво во делот условите за градба на статиката и динамичката анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Член 36

Режимот за заштита на недвижното културно наследство во Регулацискиот план за четврт се врши според заштитно-конзерваторските основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ, бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14, 199/14, 104/15 , 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), односно дека со заштитата во планскиот опфат се дефинирани зоните според степенот на заштита.

**** При изработка на планови од пониско ниво за с она шт дефинирано со овој план, важат општите услови од ГУП Скопје 2012-2022.***

16. УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ И РЕЖИМ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ЗА БЛОКОВИТЕ ВО ЧЕТВРТ И 07

Член 1

Основа за изработка урбанистичка документација од пониско ниво за секој **блок** поединечно (со повеќе наменски употреби на земјиштето, утврдени во овој План), се Посебните услови за секој блок кои се прикажани во табеларен приказ со урбанистички параметри како нумерички показатели и се прилог кон Планската документација.

БЛОК И 07.01

Границата на блокот И 07.01, кој зафаќа површина од 6,900 ha, а во рамки на регулација 5,234 ha, е оформена по осовина на уличната мрежа и тоа: од северозапад со магистралната улица бул. „Крушевска Република“ , североисток со собирна улица бул.“3та Македонска Бригада“, на исток со собирната улица ул. „Никола Карев“ и од југоисток со сервисната улица бул. „С2“.

Границата на блокот е претставена описно со координатите на секоја прекршна точка и лаците, од со ред.бр. од 1 до 20 и два лака и истите се претсавени табеларно:

Површина 69002.98 m^2
Периметар 1062.53 m'

Ред. Бр.	X	Y	
1.	7536672.4159	4649276.5550	
2.	7536705.4570	4649268.2990	
3.	7536739.6950	4649257.1810	
4.	7536758.0830	4649252.5130	
5.	7536774.5130	4649248.2990	
6.	7536800.5450	4649245.1710	
7.	7536804.4690	4649245.0950	
8.	7536831.8350	4649244.3050	
9.	7536843.9260	4649244.5670	
10.	7536848.3729	4649244.9769	
11.	7536847.1334	4649239.3770	Најјужна
12.	7536856.1533	4649239.7743	

Лак 1
испапченост: 0.0484
центар: X=7536850.8725 Y=4649359.6581
радиус: 120.0000
почетен агол: 273
завршен агол: 284

13.	7536879.0837	4649243.0213
14.	7536955.8233	4649261.5825

Лак 2
испапченост: -0.1960
центар: X=7537129.6795 Y=4649320.2818
радиус: 183.4981
почетен агол: 199
завршен агол: 154

15.	7536964.3439	4649399.8789	
16.	7536986.3078	4649441.7499	Најисточна
17.	7536839.7732	4649558.2976	
18.	7536832.8957	4649576.7808	Најсеверна
19.	7536738.3202	4649450.2056	
20.	7536647.5607	4649341.9558	Најзападна

Нај	**X**	**Y**
Северна	7536832.8957	4649576.7808
Источна	7536986.3078	4649441.7499
Јужна	7536847.1334	4649239.3770
Западна	7536647.5607	4649341.9558

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БЛОКОВИТЕ																	
БЛОК																	
И07.01		**А (ДОМУВАЊЕ)**	**Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)**	**В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)**	**Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)**	**Г1 (ТЕШКА ИНДУСТРИЈА - ЗАГАДУВАЧКА)**	**Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)**	**Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)**	**Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)**	**Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)**	**Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ**	**Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)**	**Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)**	**ПОВРШИНА ПОД СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА**	**МЕШАНА НАМЕНА (А+Б)**	**МЕШАНА НАМЕНА (Б+Г)**
%	100.00	0.00	33.27	0.00	38.81	0.00	0.96	0.96	0.00	0.00	0.00	0.00	6.69	19.31	0.00	0.00
ХА	5.23	0.00	1.74	0.00	2.03	0.00	0.05	0.05	0.00	0.00	0.00	0.00	0.35	1.01	0.00	0.00

И07.01	ПОВРШИНА НА БЛОК ВО ХА	ДОМИНАНТНА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАХ. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА	ПРОСЕЧЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **Р** %	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ	ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2	ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К**	БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИ ВО ЧЕТВРТТА	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА	МАХ. ДОЗВОЛЕНА НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ **Ж/ХА**
	5.23	Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)	0.00	0.00	0	0	0.00	1000	0	0
Вкупно:	**5.23**		**0.00**			**0**		**1000**	**0**	

ВРЕДНОСТИТЕ СЕ ВРЗ ОСНОВА НА МОЖНОСТИТЕ НА ПРОСТОРОТ

1. СЕ ДОЗВОЛУВААТ ГРАДБИ ЗА СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА
2. ВО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО СО ТАМПОН ЗОНИ ДА СЕ РАЗДВОЈАТ НЕКОМПАТИБИЛНИТЕ НАМЕНИ
3. ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ **(В)**, ПРЕТСТАВЕНИ СО ПИКТОГРАМ, ОБВРЗНО ДА СЕ ИСПЛАНИРААТ ВО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО, СО ПОВРШИНА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА ГРАВИТАЦИСКОТО ПОДРАЧЈЕ
4. ВИСИНАТА НА ГРАДБИТЕ ВО БЛОКОТ Е РЕГУЛИРАНА ВО **ЧЛЕН 13** ОД ОПШТИТЕ ОДРЕДБИ ОД ОВОЈ ПЛАН

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА БЛОК											
И07.01		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕРСКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ Mw/h /ГОД
	ПОТРЕБИ	952.51	400.00	4.63	6.94	9.03	4.69	7.04	320.00	287.65	0.00
ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА							0.00 СЕМ/ХА				

ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ГРАДБИ, ОЗНАЧЕНИ ВО ОВОЈ ПЛАН СО СИМБОЛИ, ОБВРЗНО ДА СЕ УТВРДАТ СО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО ЗА ЧЕТВРТТА

*

**** Нумеричките показатели од табелата се однесуваат на ниво на регулациска линија на блокот.***

БЛОК И 07.02

Границата на блокот И 07.02, кој зафаќа површина од 2,580 ha, а во рамки на регулација 1,521 ha, е оформена по осовина на уличната мрежа и тоа: од северозапад со сервисната улица “С2“, од исток со собирната улица ул. „Никола Карев“ и од југозапад со транзитната магистрална улица бул. „Македонија“.

Границата на блокот е претставена описно со координатите на секоја прекршна точка и лаците, од со ред.бр. од 1 до 32 и 3 лаци и истите се претсавени табеларно:

Површина 25809.34 m^2
Периметар 923.46 m'

Ред. Бр.	X	Y	
1.	7536955.8576	4649261.4812	

Лак 1
испапченост: 0.0011
центар: X=7537129.6795 Y=4649320.2818
радиус: 183.4981
почетен агол: 199
завршен агол: 199

2.	7536956.1261	4649260.6934	
3.	7537000.3607	4649081.7554	

Лак 2 (Најисточен)
испапченост: -0.1617
центар: X=7536942.1140 Y=4649067.3564
радиус: 60.0000
почетен агол: 14
завршен агол: 337

4.	7536997.4051	4649044.0563	Најјужна
5.	7536987.2733	4649053.4448	
6.	7536969.2712	4649069.2022	
7.	7536948.5852	4649086.6897	
8.	7536932.7227	4649099.5767	
9.	7536924.4591	4649106.0761	
10.	7536907.7224	4649118.7541	
11.	7536891.2248	4649130.7231	
12.	7536875.5775	4649141.6815	
13.	7536861.3915	4649151.3272	
14.	7536843.0262	4649163.3993	
15.	7536824.4059	4649175.1711	
16.	7536790.0468	4649196.4869	
17.	7536742.4248	4649225.3160	
18.	7536677.1925	4649263.9863	
19.	7536672.4159	4649276.5550	Најзападна/Најсеверна
20.	7536705.4570	4649268.2990	
21.	7536739.6950	4649257.1810	
22.	7536758.0830	4649252.5130	
23.	7536774.5130	4649248.2990	
24.	7536800.5450	4649245.1710	
25.	7536804.4690	4649245.0950	
26.	7536831.8350	4649244.3050	
27.	7536843.9260	4649244.5670	
28.	7536848.3729	4649244.9769	

29.	7536847.1334	4649239.3770
30.	7536856.1533	4649239.7743

Лак 3
испапченост: 0.0484
центар: X=7536850.8725 Y=4649359.6581
радиус: 120.0000
почетен агол: 273
завршен агол: 284

31.	7536879.0837	4649243.0213
32.	7536955.7331	4649261.5607

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БЛОКОВИТЕ																	
БЛОК		ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ И ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ															
И07.02		**А (ДОМУВАЊЕ)**	**Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)**	**В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)**	**Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)**	**Г1 (ТЕШКА ИНДУСТРИЈА - ЗАГАДУВАЧКА)**	**Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)**	**Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)**	**Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)**	**Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)**	**Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ**	**Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)**	**Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)**	**ПОВРШИНА ПОД СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА**	**МЕШАНА НАМЕНА (А+Б)**	**МЕШАНА НАМЕНА (Б+Г)**
%	100.00	42.76	38.16	0.00	0.00	0.00	2.63	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	16.45	0.00	0.00
ХА	1.52	0.65	0.58	0.00	0.00	0.00	0.04	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	0.25	0.00	0.00

И07.02	ПОВРШИНА НА БЛОК ВО ХА	ДОМИНАНТНА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАХ. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА	ПРОСЕЧЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **Р %**	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ	ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2	ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К**	МАХ. ДОЗВОЛЕН БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИ ВО ЧЕТВРТТА	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА	МАХ. ДОЗВОЛЕНА НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ **Ж/ХА**
	1.52	**А (ДОМУВАЊЕ)**	0.65	20.83	12	16250	2.50	500	139	769
Вкупно:	**1.52**		**0.65**			**16250**		**500**	**139**	

ВРЕДНОСТИТЕ СЕ ВРЗ ОСНОВА НА МОЖНОСТИТЕ НА ПРОСТОРОТ

1. СЕ ДОЗВОЛУВААТ ГРАДБИ ЗА СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА
2. ВО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО СО ТАМПОН ЗОНИ ДА СЕ РАЗДВОЈАТ НЕКОМПАТИБИЛНИТЕ НАМЕНИ
3. ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ **(В)**, ПРЕТСТАВЕНИ СО ПИКТОГРАМ, ОБВРЗНО ДА СЕ ИСПЛАНИРААТ ВО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО, СО ПОВРШИНА СПОРЕД ПОТРЕБИТЕ НА ГРАВИТАЦИСКОТО ПОДРАЧЈЕ
4. ВИСИНАТА НА ГРАДБИТЕ ВО БЛОКОТ Е РЕГУЛИРАНА ВО **ЧЛЕН 13** ОД ОПШТИТЕ ОДРЕДБИ ОД ОВОЈ ПЛАН
5. ВО ДЕЛОВИ НА БЛОКОВИТЕ, КОИ ПОСТОЈАТ КАКО УРБАНИ ЦЕЛИНИ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, ВО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО СЕ ЗАБРАНУВААТ ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА БЛОК											
И07.02		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕРСКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ Mw/h /ГОД
	ПОТРЕБИ	116.29	200.00	2.31	3.47	4.51	0.00	0.00	160.00	83.60	1,250.00
ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА							91.37 СЕМ/ХА				

ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ГРАДБИ, ОЗНАЧЕНИ ВО ОВОЈ ПЛАН СО СИМБОЛИ, ОБВРЗНО ДА СЕ УТВРДАТ СО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО ЗА ЧЕТВРТТА

*

**** Нумеричките показатели од табелата се однесуваат на ниво на регулациска линија на блокот.***

17. ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА НА ВОДОВИТЕ И ГРАДБИТЕ НА СИТЕ ИНФРАСТРУКТУРИ КОИ ГИ ФОРМИРААТ БЛОКОВИТЕ

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 2

Кај крстосниците за кои во процесот на спроведување на планот ќе се обезбедат потребните сознанија и податоци може да се изврши измена на нивниот тип врз база на изготвена сообраќајна студија.

Член 3

Крстосниците во и надвор од ниво, како и врските меѓу магистралните и сервисните улици прецизно се дефинираат со потребната проектна документација за релизација на поедини сообраќајници.

Регулациската линија кај планираните крстосници, денивелирани или во ниво, да се определи пред изработка на планска документација од пониско ниво а врз основа на проектно решение за типот на крстосницата.

Член 4

За сообраќајниците за кои има сознанија или во процесот на спроведување на планот ќе се обезбедат сознанија и податоци за состојбите во просторот кои укажуваат на потребата и можноста за нивно специфично реализирање под или над нивото на теренот, што повлекува и нивно консеквентно редефинирање во регулацискиот и сообраќајниот план, ќе се спроведуваат континуирани и консекутивни постапки за детализирање на планот преку негово пунктуално изменување и дополнување на поединечни урбани подрачја или инфраструктурни зафати. При дефинирањето на изведбените решенија обврзно да бидат вклучени надлежните служби.

Во такви случаеви треба да се изработат подетални сообраќајни анализи и проекции на идните потреби и да се изготви проектна документација со потребни прилози и елаборати за предвидената инфраструктура и нејзиното влијание врз животната средина, економијата, сообраќајот и урбанизмот, а врз основа на претходна Физибилити студија со примена на анализи трошоци-добивки.

Во овие случаи условите за градење градби над примарната сообраќајна мрежа со намена А, Б и В ќе се определат со планска документација од пониско ниво врз основа на сообраќајна и физибилити студија и сообраќаен проект одобрени од Градот Скопје.

Член 5

Вкупната регулациска ширина на сообраќајниците не смее да се стеснува, како и ширината на коловозните ленти под пропишаниот минимум, додека ширините на останатите површини помеѓу регулациските линии по потреба може да се менуваат во согласност со важечките стандарди и нормативи, а врз база на изработена сообраќајна студија. Конкретизација на попречните профили на улиците од примарната улична мрежа ќе се изврши во рамките на регулациските линии на инфраструктурните коридори, со изработка на потребната проектна документација.

Член 6

Секој блок да биде поврзан со примарната и секундарната улична мрежа. Се препорачува нивелетата на внатрешните пристапи да паѓаат кон улицата со која се формира површината за градба на секоја наменска употреба на земјиште, а во правец на нагибот на теренот, во правец на истекотот на водата.

Член 7

Урбанистичките параметри за изградба на секундарната уличната мрежа да се според потребите на наменската употреба на земјиштето, а согласно стандарди и нормативи.

Во изготвувањето на планска документација од пониско ниво во условите за градба да се предвидат елементи на урбана опрема во функција на пешачките движења и лицата со посебни потреби.

Член 8

Координатите на пресечните точки на осовините, како и нивелетските точки со висински податоци се дадени со прецизност која одговара на подлоги во мерка 1:2500. Наклоните на нивелетите се дадени помеѓу две пресечни точки. При спроведувањето во планска документација од пониско ниво или при изработката на потребната проектна документација можни се отстапувања кои кои не треба да ги надминат дозволените толеранции за подлоги во мерка 1:2500.

Член 9

Во планска документација од пониско ниво, долж примарната и секундарната сообраќајна мрежа, може да се утврдат градежни парцели за бензински станици и бензински пумпи согласно закон.

Член 10

Максималниот надолжен наклон за новопланираните сообраќајници треба да биде во согласност со член 70 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 11

Водоснабдителната норма за Градот за период до 2020 год изнесува 400 литри/ден/жител. Од оваа водоснабдителна норма се обезбедува вода за населението и стопанството и за лесната индустрија која во технолошкиот процес мора да користи санитарна вода.

Член 12

При изработката на планската документација од пониско ниво да се предвиди одделна водоснабдителната инфраструктура за санитарна вода и инфраструктура за поливање на зеленилото.

Член 13

Реализцијата на планската документација од пониско ниво, односно изградбата на градбите да се одвива паралелено со изградбата на мрежите за водоснабдување и за поливање на зеленилото.

Член 14

Водата за поливање на зеленилото и миењето на јавните сообраќајни површини да се обезбедува од бунари или површински водотеци.

Член 15

Локациите на бунарите за поливање на зеленилото и миењето на јавните сообраќајни површини ќе се одредат во рамките на планската документација од пониско ниво, а врз основа на проектна документација на ниво на основен проект со кој ќе бидат дефинирани капацитетот и типот на бунарот.

Член 16

Трасата на планираната примарна водоснабдителната мрежа треба да биде поставена во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 17

Изградбата на новата примарна водоснабдителната инфраструктура и соодветните заштитни коридори ќе се утврдат врз основа на проект за инфраструктура и/или план од пониско ниво.

Со проект за инфраструктура и план од пониско ниво ќе се уточнат трасите и заштитните коридори на новопланираната и постоечката водоснабдителната мрежа која во графичкиот прилог за четвртта е прикажана шематски (врз основа на ГУП-от).

УСЛОВИ ОД ОБЛАСТА НА ОДВЕДУВАЊЕТО И ПРЕЧИСТУВАЊЕТО НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Член 18

Одводнителната норма за период до 2022год. изнесува 90% од водоснабдителната норма.

Член 19

Интензитет на дождови од 110 л/сек/ха со појава еднаш во две години и времетраење од 20 минути, е меродавна вредност за димензионирање на атмосферската канализација во Градот Скопје.

Член 20

При изработката на планска документација од пониско ниво да се предвиди сепарациска канализациска мрежа.

Член 21

Реализацијата на планската документација од пониско ниво, односно изградбата на градбите, да се одвива паралелно со изградбата на примарната и секундарната канализациска инфраструктура.

Член 22

Трасата на планираната фекална и атмосферска канализациска мрежа треба да биде поставена во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната, односно секундарната сообраќајна мрежа.

Член 23

Израдбата на новата канализациска инфраструктура и соодветните заштитни коридори ќе се утврди врз основа на проект за инфраструктура и/или план од пониско ниво.

Со проект за инфраструктура и план од пониско ниво ќе се уточнат трасите и заштитните коридори на новопланираната и постоечката канализациска мрежа која во графичкиот прилог за четвртта е прикажана шематски (врз основа на ГУП-от).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА КОМУНАЛНА ИНФРА И СУПРАСТРУКТУРА

Член 24

Планските определби во управувањето со отпадот во планската документација од пониско ниво треба да се насочат кон справување со проблемите и постигнување на континуирани подобрувања во интегрираниот пристап кој го обезбедуваат многуте учесници во процесот: јавноста, стопантвото, надлежните органи на сите нивоа, согласно законската регулатива за системот за управување со отпадот и одстранување со депонирање.

Член 25

Во планската документација од пониско ниво обврзно да се применува Планот за управување со отпадот за Град Скопје 2010-2015г којшто го донесе Градот Скопје.

Член 26

Градот Скопје и општините во Градот Скопје, во рамките на своите надлежности определени со закон, имаат право и должност на своето подрачје да ги превземаат сите мерки и активности за комплетирање на системот за управување со отпадот во Градот.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОСНАБДИТЕЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Услови за спроведување на електроенергетската инфраструктура

Член 27

Планирањето на новите надземни градби во електроенергетската инфраструктура треба да биде според локациите во блоковите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 28

Изборот на локациите за планираните дистрибутивни трафостаници и приклучни водови ќе се изврши со урбанистички планови од пониско ниво и проекти за инфраструктура. Се препорачува реконструкција на постојните 35kV надземни водови и поставување на соодветни подземни електроводови.

Член 29

Трасите на планираните примарни електроенергетски водови треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа. Точните траси на примарните електроенергетски водови на 400kV, 110kV и 35kV ќе бидат утврдени со инфраструктурни проекти а заштитните коридори ќе бидат вцртани во плановите од пониско ниво.

Член 30

Градбата на новите преносни и дистрибутивни мрежи (примарни и секундарни електроводови) ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 31

Градбата и реконструкцијата на преносната и дистрибутивната мрежа треба да се изврши такашто во целост треба да се почитува: “Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електроеенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV”.

Член 32

Во планската документација од пониско ниво, за градба на трафостаници од 110kV зависно од изведбата, треба да се предвидат следниве површини:

- за класична изведба 5000-7000 m^2
- за гас изолиран систем 2500 m^2

Член 33

Во проектите за инфраструктура, инфраструктурните коридори за поставување на надземните и подземни електроводови, треба да бидат со следниве димензии:

- за надземни 110kV водови, коридор со широчина од 20 m
- за подземни 110kV и 35kV водови коридор со широчина од 1,6 m

Член 34

За дефинирање на електроенергетските потреби на градските четврти, определени се нормативи/коефициенти кои се зависни од намената на површините за градба како и планираниот број на жители во секоја четврт. При тоа, во билансот за потребната електрична моќност, земени се во предвид и потребите за јавно осветлување на сообраќајниците и другите јавни површини.

Предвидени се следниве коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност за:

- домување 1kW/жител
- комерцијални и деловни и јавни институции 193kW/ha
- тешка и загадувачка индустрија 474kW/ha
- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта 293kW/ha
- зеленило и рекреација и инфраструктура 15kW/ha

За ова четврт вкупните потреби од електрична моќност изнесуваат 12211kW. Потребите од електрична моќност за блоковите ќе бидат дадени во Табелите со нумерички показатели од инфраструктурни потреби.

Член 35

Во плановите од пониско ниво се препорачува реконструкција на постојните надземни електроводови од 110kV и 35kV со соодветни подземни електроводови кои треба да се постават во инфраструктурните коридори соодветно важечките технички нормативи.

Истото важи и за новопланираните електроводови од 110kV и 35kV.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО-КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 36

Планирањето на новите надземни градби во електронско-комуникациската инфраструктура треба да биде според локациите во блоковите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 37

Изборот на локациите за планираните базни станици, поштенски единици и други надземни објекти, трасите електронско-комуникациски водови, ќе се изврши со урбанистички планови од пониско ниво и проекти за инфраструктура.

Член 38

При поставувањето на новите базни станици за мобилна телефонија треба да се запази позитивната законска регулатива во однос на нивното штетно влијание врз животната средина и регистрираното и евидентираното природно наследство.

Член 39

Планираните електронски - комуникациски мрежи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната и секундарната сообраќајна мрежа почитувајќи ги позитивните закони и правилници.

Член 40

Трасите на планираните електронски-комуникациски водови ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 41

Регулаторна рамка за електронски-комуникациски мрежи во РМ ја има Агенција за електронски комуникации. Изградбата и реконструкцијата на електронска-комуникациска мрежа е регулирана со:

- “Правилник за начинот и условите за одредување на зоната на електронско-комуникациска инфраструктура и придружните инфраструктурни капацитети и средства, заштитна зона и радио коридорот како и обврските на инвеститорот”.

- “Правилник за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронско-комуникациска инфраструктура, придружни инфраструктурни капацитети и средства”.

При изработка на урбанистичката документација од пониско ниво да се побара податоци и сугестии од Агенцијата за електронски комуникации.

Член 42

Изградбата и реконструкцијата на планираната електронска-комуникациска мрежа треба да биде усогласена со горенаведените усвоени правилници.

Член 43

Условите за поставување на новите електронски-комуникациски мрежи во услови кога има и други постоечки инфраструктурни мрежи (водовод, гасовод, топловод, електроводови и др.) треба да бидат усогласени со горенаведените усвоени правилници.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТОПЛОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 44

Централниот топлификациски систем треба да го следи развојот на Градот согласно урбанистичките планови и на него треба да се поврзат сите урбани четврти и блоковите во нив, каде планираната густина на градба обебзедува специфична потрошувачка поголема од 25 MW/km^2.

Член 45

Погонските градби треба да обезбедат целосен мониторинг и управување на процесот на производство на топлина и испуштање на штетни материи во воздухот во функција на одржување на еколошките параметри.

Член 46

Трасите на планираните топловоди треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната и секундарната сообраќајна мрежа.

Член 47

Новите погонски градби, термоенергани и топлани, треба со својата лоцираност и функционалност да не го загрозуваат здравјето на луѓето и да не ги надминуваат дозволените параметри на загадување дефинирани со законска регулатива која ја третира соодветната проблематика.

Член 48

Пред да се утврди точната локација на нова погонска градба, задолжително треба да се изработи стратешка оценка за влијание врз животната средина.

Член 49

При изградбата на топловодната мрежа, потребно е да се запазат нормите и техничките прописи за градба во урбана средина, во смисол на безбедност, сигурност во работата и функционалност.

Член 50

Цевководите по правило се сместуваат во армиранобетонски, водонепропусни канали кои се водат на техно-економски оправдана длабочина. Истите се димензионираат така да овозможат лесна монтажа на цевната конструкција, а бетонскиот капак и страничните ѕидови треба да го поднесуваат надземното оптоварување од 80 KN/m^2. На места, каде што не може да се изведат овие канали, цевководите се водат надворешно.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГАСИФИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 51

Трасите на планираните гасоводи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната и секундарната сообраќајна мрежа.

Член 52

Изградбата на новите гасоводи ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 53

Точната локација за новите гасни мерно-регулациски станици во рамките на блоковите ќе се утврди со планска документација од пониско ниво.

Член 54

Приоритет за поврзување на градската гасоводна мрежа треба да се даде на оние локалитети каде домаќинствата не се поврзани на централниот топлификациски систем.

Член 55

Изградбата на гасоводна мрежа треба во целост да ги почитува “Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до 13 бари" (Сл.весник бр.100/2009 година).

Член 56

Минималната длабочина на поставување на гасоводот изнесува:

- во нормални услови - 0,8 м до горниот дел на цевката;
- при вкрстување со други инфраструктурни водови може да се дозволи намалување на длабочината на поставување до 0,6 м;
- во каменита почва не помалку од 0,5 м.

Член 57

Минималните дозволени растојанија на гасоводот од најблискиот раб на цевката на гасоводот до најблискиот раб на темелот на објектот во зависност од притисокот, изнесуваат:

Притисок на гасот во гасоводот (bar)	Минимално дозволено растојание (m)
до 1,05	1,00
од 1,05 до 7	2,00
од 7 до 13	3,00

Растојанијата може да бидат и помали со преземање на поголеми заштитни мерки (поголема дебелина на ѕидот на гасоводот, материјал со поголема цврстина, поставување на гасоводот во заштитна цевка итн.).

Член 58

Минималните дозволени растојанија на гасоводот од друг гасовод и друга техничка инфраструктура при вкрстување и паралелно водење изнесува:

Минимално дозволени растојанија, (м)		
	Пресекување	Паралелно водење
Гасоводи меѓусебно	0,2	0,6
Од гасовод до топловод, водовод и канализација	0,2	0,3
Од гасовод до проодни канали на топловоди	0,5	1,0
Од гасовод до електро кабли со низок и висок напон	0,3	0,6
Од гасовод до телефонски кабли	0,3	0,5
Од гасовод до цевковод на хемиска индустрија и технолошки флуиди	0,2	0,6
Од гасовод до бензиска станица	-	5,0
Од гасовод до високи зелени посеви	-	1,5

Член 59

Минимално дозволени растојанија при вкрстување и приближување на гасовод со електро-енергетски водови изнесуваат:

Номинален напон (kV)	До темелот на столбот Вкрстување (м)	Од осовината на столбот Паралелно водење (м)
од 1 до 10	5	5
од 10 до 35	10	8
поголемо од 35	10	10

Член 60

Мерно-регулациските станици по правило се сместуваат во посебно изградени згради или метални ормани на посебни темели на следните растојанија од различни градби и други структури:

Најмало хоризонтално растојание (m)				
Влезен притисок во МРС (бари)	до зграда и до други градби	до железничко-трамвајска пруга	до автопат (до работ)	до надземни електро-напонски водови за сите притисоци изнесува еден и пол пати од висината на столбот
до 7	10	10	5	
7-13	15	15	8	

Б. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Поврзување со примарната сообраќајна мрежа на следните сообраќајници:

